АД JAKA·80 - РАДОВИШ

# Политика на квалитет на Друштвото ЈАКА 80 А.Д. Скопје

Јака 80 А.Д. Скопје е организација која е целосно посветена на примената на квалитетот како систем на работа. Организацијата делува на полето на производство на лекови, диететски, хербални и козметички производи. Големото залагање за исполнување на Системот за управување со квалитет е темел на работењето и постојаното унапредување на организацијата.

Примарна цел на организацијата е да ги задоволи потребите на клиентите и нивните очекувања преку нудење квалитетни производи од фармацевтска, козметичка и диететска производна линија. Системот за управување со квалитет ISO 9001:2008 континуирано се надгледува и унапредува со цел да бидат усполнети политиката и целите на организацијата.

Друштво за производство на фармацевски производи и услуги Јака 80 А.Д. Скопје во својата деловодна стратегија се определи за:

1. Навремено и квалитетно снабдување на клиентите со брза, целосна и квалитетна услуга;
2. Зголемување и одржување на довербата спрема клиентите со континуирано информирање, едукација и обука во областите за кои се заинтересирани;
3. Посета на клиенти и остварување на долготрајни и деловни соработки;
4. Професионална комуникација со добавувачите;
5. Обезбедување на континуирана обука и надградување на вработените, посета и активно учество на конгреси и семинари;
6. Обезбедување на сите потребни услови за работа;
7. Работење согласно со законските барања кои се на сила во Државата;
8. Соодветна прераспределба на одговорностите на вработените за нивна мотивација;
9. Поставување на постапки и процеси за контрола на работата;
10. Постојана евалуација и анализа на достигнувањата и изведување на заклучоци;
11. Определба да бидеме секогаш чекор понапред од конкурентните фирми;
12. Ентузијазмот, одговорноста и амбициозноста е главна определба на секој наш вработен.

Во Скопје,
15 Јуни 2015 година

Генерален директор

Јовица Стефановиќ